Re: RE: Барање за пристап до информации од јавен карактер - Message (HTML)

Wed 12-Jan-22 1:05 AM

@gmail.com

Re: RE: Барање за пристап до информации од јавен карактер

To Notarska Komora na RM

**From:** <@gmail.com>
**Sent:** Friday, January 8, 2021 8:37 PM
**To:** contact@nkrm.mk
**Subject:** Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Го пишувам овој меил со цел да ме упатите која е постапката да добијам информации во врска со следниве две прашања :

1. Број на составени нотарски тестаменти во последните 5 години
2. Број на регистрирани тестаменти во регистарот на тестаменти од неговото воведување

Овие информации ми се потребни поради изработка на магистерски труд од областа на нотаријатот.

Очекувам Ваш одговор во најскоро можно време.

Со почит,

Во согласност со член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а врз основа на барањето доставено по e-mail од < @gmail.com>, имателот на информацијата, Нотарска комора на РСМ, на ден 11.1.2021г. го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ДЕЛУМНО СЕ ПРИФАЌА барањето за пристап до информација од јавен карактер доставено од @gmail.com> на 08 јануари 2021 во 20:37ч. (**Fri 08-Jan-21 8:37 PM**) на е-маил: contact@nkrm.mk. и тоа за достава на податок за број на регистрирани тестаменти во регистарот на тестаменти од неговото воведување.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот по електронски пат преку @gmail.com, на ден 8 јануари 2021г. се обрати на е-маил: contact@nkrm.mk со следниве две прашања : 1.Број на составени нотарски тестаменти во последните 5 години и 2. Број на регистрирани тестаменти во регистарот на тестаменти од неговото воведување. Овие информации ѝ се потребни за изработка на магистерски труд од областа на нотаријатот.

На ден 11.1.2021г. по електронски пат ѝ беше доставен одговор на @gmail.com за број на регистрирани тестаменти во регистарот на тестаменти кој е воведен од 1 јули 2019г., а заклучно со 8 јануари 2021г.

За број на составени тестаменти кај нотарите во последните пет години (податоци за 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019г.) НКРСМ нема евиденција, односно не е имател на информацијата затоа што составениот тестамент е евидентиран кај самиот нотар кој го составил и претходно не постоел основ за овие податоци да се

прибираат во НКРСМ или во некоја друга институција што беше причина за воведување на регистарот на тестаменти.

**Скопје, 11.1.2021г.**

**ИМАТЕЛ НА ИНФОРМАЦИЈАТА:**
**Нотарска комора на РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**

Службени лица:
Тања Илиќ, секретар
Сузана Кузмановска, тех.секретар

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.